Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-740/4
11-12-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-740/1 од 13.10.2023 година поднесена од [redacted] од Скопје против Агенција за администрација на РСМ, за извршена дискриминација врз основа на образование, личен и општествен статус и социјално потекло во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 27.11.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на образование, личен или општествен статус и социјално потекло во областа на работата и работните односи сторена од страна на Агенцијата за администрација на РСМ врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација („**Комисијата**") од страна на [redacted] поднесена е претставка бр. 08-740/1 од 13.10.2023 година за сторена дискриминација врз основа на образование, личен или општествен статус и социјално потекло во областа на работата и работните односи од страна на Агенција за администрација на РСМ („**Агенцијата**").

Согласно наводите, претставката е поднесена поради нееднаков третман во постапката за вработување, а во врска со работното место Помлад соработник за дозволи и уверенија во Одделение за дозволи и уверенија, Сектор за воздушен сообраќај во Агенцијата за цивилно воздухопловство, објавено на јавен оглас бр. 263/2023-01.

Имено, на ден 11.8.2023 година подносителката на претставката конкурирала на горенаведеното работно место електронски преку системот на Агенцијата за администрација. На ден 15.8.2023 година преку смс порака и на нејзината електронска пошта била известена од страна на Агенцијата дека нејзината апликација за работното место број 263/2023-01 продолжува во следна, односно втора фаза- полагање на испит за административни службеници закажан на 1.9.2023 година во 9 часот. На ранг листата од сите пријавени кандидати таа била прворангирана поради освоените бодови во првата фаза на селекција.

Подносителката тврди дека на денот на полагањето на испитот, за времетраење на испитот биле прекршени правилата на постапката бидејќи една од кандидатите (понатаму избрана кандидатка за вработување на работното место број 263/2023-01) воопшто не го решавала испитот. Ова го увидела во текот на спроведувањето на испитот, но и веднаш по завршувањето на испитот, кога ја отворила веб страната на Агенцијата за администрација, каде испитот се емитувал во живо и сè уште траел, и увидела дека кандидатката воопшто не го решавала испитот и дури погледот не и' бил насочен кон компјутерот.

Истиот ден, по завршување на испитот, подносителката на претставката била известена по смс порака дека нејзината апликација продолжува во трета фаза, закажана на 7.9.2023 година во 9:40 часот. Повторно при влез во третата фаза таа била прворангирана од сите кандидати, додека

избраната кандидатка била рангирана на четврто место од вкупно петте кандидати кои влегле во третата фаза.

Во однос на третата фаза, односно спроведувањето на интервју, наведува дека избраната кандидатка по пополнување на образецот од Агенцијата, била повикана насамо во работната просторија каде се остава документација за проверка на нејзината веродостојност, за што смета дека претставува неправилност и нетранспарентност од страна на Агенцијата, а дополнително се сомнева и дека кандидатката не доставила целосна документација.

На ден 15.09.2023 година Агенцијата за администрација на својата веб страна ја објавила Одлуката за избор за работното место број 263/2023-01. Незадоволна од одлуката, подносителката поднела жалба по неа на 21.09.2023 година, а поради сторени повреди на одредбите од Законот за административни службеници, поточно на член 38, став 2, член 39, став 6, член 41, став 13 и 14, како и член 42, став 2 и 3.

Подносителката во жалбата до Агенцијата за администрација ги навела и објаснила повредите на законските одреби и како доказ за наводите побарала Агенцијата за администрација да дозволи увид во документацијата на избраната кандидатка, односно увид на дипломата за завршени правни студии со освоени 180 кредити според ЕКТС и остварениот просечен успех во истата како и освоените бодови на избраната кандидатка според рангирањето на универзитетот според ранг – листата согласно Законот за високо образование и ранг листите на странските универзитети. Ова од причина што смета дека поседува повеќе стручни компетенции за работното место отколку избраната кандидатка, а со оглед на освоените поени за формално образование, како и фактот дека е магистер по правни науки со просечен успех 9.58 и со положен правосуден испит.

Во однос на втората фаза, побарала од Агенцијата да и' биде овозможен увид во снимките од камерите и увид дали на екранот за објавување на резултатите се појавиле резултатите од испитот на избраната кандидатка, но и да се види однесувањето и начинот на полагање на испитот од страна на избраната кандидатка.

Во однос на третата фаза, пак, побарала од Агенцијата да се произнесе и да даде образложение зошто избраната кандидатка била повикана насамо во работната просторија за проверка на веродостојноста на доказите, каде кога таа лично влегла да ја поднесе нејзината документација, биле собрани неколку вработени кои веднаш го прекинале нивниот разговор. Исто така побарала да се направи увид во пополнетиот образец за веродостојност на доказите на избраната кандидатка.

Последно, на 4.10.2023 година доставила допис до Агенцијата за администрација со барање за писмено известување за донесената одлука по нејзината жалба, а на ден 6.10.2023 година доставила и допис со за известување за нејзино следно постапување, односно дека доколку не добие одговор во законскиот рок, ќе поднесе тужба до надлежен суд. На ден 9.10.2023 година на нејзината електронска пошта добила одговор на двете барање, заведен под бр. 08-1789/1 од 6.10.2023 година, со кој ја известуваат дека првостепениот орган е должен по добивање на одлуката од Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен истата да и' ја достави.

Како прилог на претставката подносителката ги поднесе следните докази:

- Одлука од 15.09.2023 година по јавен оглас број 263/2023-01;
- Жалба од 21.09.2023;
- Допис од 04.10.2023 година – Барање за известување во врска со жалба;

- Допис од 06.10.2023 година – Известување пред следно правно постапување;
- Допис Одговор по барање 08-1789/1 од 06.10.2023 година;

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 25.10.2023 година испрати Известување бр. 08-740/2 за произнесување по наводите од претставката до Агенцијата за администрација.

На ден 8.11.2023 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Агенцијата за администрација како одговор на претставката.

Во одговорот се наведува дека на 29.7.2023 година, а по претходно барање на Агенцијата за цивилно воздухопловство, бил објавен јавниот оглас број 263/2023 за вработување на еден државен службеник од Група I, подгрупа I во Агенцијата за цивилно воздухопловство за работно место АЦВ0101В04009, Помлад соработник за дозволи и уверенија, Одделение за дозволи и уверенија, Сектор за воздушен сообраќај. Видно од електронските пријави, [redacted] била пријавена на огласот со идентификациски код [redacted], а избраната кандидатка [redacted] со идентификациски код [redacted] понатаму двете во однос на припадноста на заедница се изјасниле како турчинки и двете во прилог во прилог ги прикачиле и доставиле потребните докази и документи за исполнување на општите и посебните услови за работното место, по што од страна на Комисијата за селекција за вработување и двете апликации биле означени како уредни.

Од Записникот од извршената административна селекција за административен службеник на Комисијата за селекција може да се увиди дека на огласот биле пријавени вкупно 37 кандидати, од кои 21 биле уредни, а останатите 16 неуредни. Од вкупниот број на уредни кандидати, 10 продолжиле во втората фаза, меѓу кои била и подносителката на претставката [redacted], која во првата фаза освоила 23.09 бодови, додека пак избраната кандидатка [redacted] во првата фаза освоила 22.35 бодови. Понатаму, во втората фаза [redacted] освоила 39.50 бодови, односно вкупно 62.59 бодови, додека пак [redacted] освоила 39.00 бодови, односно вкупно 61.35 бодови. Со ова, и двете кандидатки продолжиле во третата фаза на селекција. Во третата фаза, Комисијата за селекција извршила проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник. Видно од конечната ранг листа, [redacted] била прворангирана со освоени 18.98 бодови во третата фаза, односно освоени вкупно 80.33 бодови во сите три фази, додека пак второрангирана била [redacted] со освоени 16.66 бодови во третата фаза, односно освоени вкупно 79.25 бодови во сите три фази.

Оттука, Агенцијата за администрација доставила Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас 263/2023 бр. 10-1407/8 од 7.9.2023 година до Агенцијата за цивилно воздухопловство, а заедно со Предлогот била доставена и конечната ранг листа на која [redacted] била прворангирана, а со тоа и предложена како кандидатка. По добивањето на Предлогот, Агенцијата за цивилно воздухопловство донела Одлука за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник со бр. 02-946/18 од 13.9.2023 година, со која за извршител на работа и работни задачи на работното место била избрана кандидатката Белма Рахиќ.

Во насока на постапување по доставената претставка за заштита од дискриминација, од Агенцијата за администрација известуваат дека повторно го разгледале предметот оформен по јавниот оглас бр. 263/2023-01 и утврдиле дека постапката за вработување на административни службеници во Агенцијата за цивилно воздухопловство е спроведена согласно Законот за административни службеници и сите други релевантни подзаконски акти.

Имено, наведуваат дека Агенцијата за воздухопловство предметната постапка за вработување ја спровел на начин што својата потреба за вработување на административни службеници ја остварил во законски предвидената постапка преку поднесување на барање за поведување постапка до Агенцијата за администрација, која го објавила конкретниот јавен оглас и формирала Комисија за селекција која ги спровела сите законски предвидени фази на постапката и на првостепениот орган му го предложила прворангираниот кандидат за конкретното работно место.

Во оваа насока истакнуваат дека при увид во Додаток на диплома издадена од Меѓународниот Балкански Универзитет – Факултет за хуманистички и општествени науки на 23.07.2019 година, може да се утврди дека избраната кандидатка е дипломиран политиколог со завршен прв циклус на студии на студиска програма Политички науки и се стекнала со 240 кредити со просечна оцена 9.42. За овие резултати Комисијата за селекција за формално образование на избраната кандидатка и' пресметала 15.35 бода. Дополнително, посочуваат на член 41 став 3,5,6,9 и 10 од Законот за административни службеници каде е наведено:

„(3) На кандидатот за време на полагањето на испитот не му се дозволува користење на литература, закони, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства и не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица од Агенцијата освен со информатичар вработен во Агенцијата, доколку има технички проблем со компјутерот на кој го полагал испитот.
(5) На кандидатот кој при полагањето постапува спротивно од ставот (3) на овој член Комисијата за селекција која го спроведува и следи полагањето нема да му се дозволи натамошно полагање и му се изрекува забрана за полагање на испит за административен службеник во траење од три години, за што Агенцијата донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
(6) Резултатот, односно бројот на бодови од испитот за административен службеник на кандидатот му е достапен на компјутерот на кој го полагал, веднаш по неговото завршување и истиот резултат се евидентира во Агенцијата и може да се искористи за други постапки на селекција во рок од една година сметано од денот на првото полагање.
(9) Освен на компјутерот, резултатот од ставовите (6) и (7) на овој член, заедно со името и презимето на кандидатот, се објавува и на дисплејот од ставот (1) на овој член веднаш по завршување на полагањето од страна на секој кандидат, при што објавата на дисплејот трае најмалку десет минути по завршување на полагањето од страна на сите кандидати кои во истиот термин го полагале испитот.
(10) Веднаш по завршување на полагањето од страна на сите кандидати кои во истиот термин го полагале испитот, камерата го зумира и најмалку пет минути во живо, на веб страницата на Агенцијата, го емитува дисплејот со резултатите на сите кандидати кои го полагале испитот, односно резултатите од полагањето на сите кандидати рангирани според освоените бодови на испитот се објавуваат на веб страницата на Агенцијата и веднаш се доставуваат на адресите на електронска пошта на сите кандидати кои полагале.“

Во врска со ова, а имајќи го предвид наводот во претставката дека била сторена дискриминација врз основа на нееднаков третман во постапката за вработување на начин што избраната кандидатка во текот на целото времетраење на испитот воопшто не го решавала истиот и дека во другите фази од постапката била фаворизирана на начин што била повикана насамо во работната просторија каде се остава документацијата, од Агенцијата наведуваат дека ваквите наводи се неосновани и негираат дека е извршена дискриминација по било каков основ кон кандидатката Бојана Ацевска.

Последно, во однос на наводот во претставката дека подносителката сè уште ја нема добиено одлуката од Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, од Агенцијата за администрација укажуваат дека согласно член 19 став (14) од Законот за административни службеници првостепениот орган е должен во рок од три дена да ја достави одлуката од став (13) на овој член до административниот службеник, во овој случај до кандидатот за административен службеник.

Во прилог на произнесувањето беа доставени следните докази:

- Барање за објавување на Јавен оглас 10-1407/1;
- Годишен план за вработување број 02-818/01;
- Позитивно мислење за промена на Годишен план за вработување во 2023 година од Министерство за информатичко општество и администрација 02-818/4;
- Позитивно мислење број 02-818/5;
- Објава на Јавен оглас 10-1407/2;
- Приложената документација на [redacted] со која конкурирала на огласот;
- Приложената документација на [redacted] со која конкурирала на огласот;
- Решение за формирање на Комисија за селекција на вработување по Јавен оглас 10-1407/4;
- Записник од извршената административна селекција за административен службеник 10-1407/5;
- Записник од спроведениот испит за административен службеник 10-1407/6;
- Записник од спроведена проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник;
- Одлука за избор на кандидат по Јавен оглас за вработување на административен службеник 02-946/18.

По увид во наводите од претставката и произнесувањето по истите, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

По барање на Агенцијата за цивилно воздухопловство, на 29.7.2023 година бил објавен јавен оглас број 263/2023 за вработување на еден државен службеник од Група I, подгрупа I во Агенцијата за цивилно воздухопловство за работно место АЦВ0101В04009, Помлад соработник за дозволи и уверенија, Одделение за дозволи и уверенија, Сектор за воздушен сообраќај. Подносителката на претставката, [redacted], била пријавена на огласот со идентификациски код [redacted]. Претставката ја поднесува заради наводно нееднакво постапување во постапката за селекција на кандидат за горенаведеното работно место, а тврди дека била понеповолно третирана во однос на избраната кандидатка, [redacted] која евидентирала со идентификациски код [redacted]

Двете кандидатки во прилог во прилог на пријавата ги прикачиле и доставиле потребните докази и документи за исполнување на општите и посебните услови за работното место, по што од страна на Комисијата за селекција за вработување и двете апликации биле означени како уредни, со што ја поминале првата фаза, односно административната селекција за административен службеник. Од вкупно 37 кандидати пријавени на огласот, 21 биле уредни, од кои 10 продолжиле во втората фаза на селекција. Притоа, [redacted] во првата фаза освоила 23.09 бодови, додека пак избраната кандидатка [redacted] освоила 22.35 бодови.

Подносителката тврди дека понатаму, во текот на втората фаза, за времетраење на испитот биле прекршени правилата на постапката со тоа што избраната кандидатка воопшто не го решавала испитот. Истото го увидела во текот на спроведувањето на испитот, но и веднаш по неговото

завршување, кога на веб страната на Агенцијата за администрација, каде испитот се емитувал во живо и сè уште траел, увидела дека кандидатката не го решава испитот и дури погледот не и' бил насочен кон компјутерот. Во врска со ова, од Агенцијата за администрација информираа дека повторно го разгледале предметот оформен по јавниот оглас бр. 263/2023-01 и утврдиле дека постапката за вработување на административни службеници во Агенцијата за цивилно воздухопловство е спроведена согласно Законот за административни службеници и сите други релевантни подзаконски акти, а дополнително посочуваат и на член 41 став 3,5,6,9 и 10 од Законот за административни службеници каде е регулирана фазата на полагање на испитот.
Во втората фаза [redacted] освоила 39.50 бодови, односно вкупно 62.59 бодови, додека пак [redacted] освоила 39.00 бодови, односно вкупно 61.35 бодови. Со ова, и двете кандидатки продолжиле во третата фаза на селекција.

Последно, во третата фаза Комисијата за селекција извршила проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, по што била составена конечната ранг листа, на која [redacted] била прворангирана со освоени 18.98 бодови во третата фаза, односно освоени вкупно 80.33 бодови во сите три фази, додека пак второрангирана била [redacted] со освоени 16.66 бодови во третата фаза, односно освоени вкупно 79.25 бодови во сите три фази.

Следствено на ова, Агенцијата за администрација доставила Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас 263/2023 бр. 10-1407/8 од 7.9.2023 година до Агенцијата за цивилно воздухопловство, заедно со конечната ранг листа на која [redacted] била прворангирана, а со тоа и предложена како кандидатка. По добивањето на Предлогот, Агенцијата за цивилно воздухопловство донела Одлука за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник со бр. 02-946/18 од 13.9.2023 година, со која за извршител на работа и работни задачи на работното место била избрана кандидатката [redacted]

Во оваа насока, Законот за спречување и заштита од дискриминација ја дефинира дискриминацијата во член 6:
„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."

Земајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде факти и околности кои укажуваат на тоа дека подносителката на претставката била ставена во понеповолна положба споредено со останатите кандидати, односно дека кон избраната кандидатка на јавниот оглас било постапувано поповолно во однос на подносителката.

Имено, во однос на наводите од претставката кои се однесуваат на тоа дека избраната кандидатка не го решавала испитот за времетраење на втората фаза, Комисијата го зема за меродавно произнесувањето на Агенцијата за администрација, со кое информираат дека предметот бил повторно разгледан и било констатирано дека полагањето на испитот било спроведено во согласност со член 41 став 3,5,6,9 и 10 од Законот, односно не биле утврдени наведените неправилности од претставката.

Во однос на последната фаза, пак, Комисијата за селекција ја проверила и утврдила веродостојноста на доказите кои биле приложени на увид пред почетокот на интервјуто, по што и двете кандидатки продолжиле на интервју. Во оваа насока, член 42 став 5 од Законот за


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

административни службеници предвидува дека на интервјуто, преку ситуациони прашања се проверуваат потребните општи работни компетенции за категоријата на која припаѓа работното место, а преку стручни прашања или практични задачи, се проверуваат посебните работни компетенции од описот на работното место.

Оттука, бидејќи станува збор за усно интервју кое го спроведуваат вработени од Агенцијата за администрација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема материјален доказ врз основа на кој може да го преиспита бодувањето во третата фаза, односно да утврди дали избраната кандидатка била третирана поповолно при спроведеното интервју. Единствено се констатира дека, видно од Записникот од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр. 10-1407/7 од 7.9.2023 година, [redacted] освоила 16.66 бодови на интервјуто, додека [redacted] освоила 18.98 бодови. Конечно, [redacted] со освоени вкупно 80.33 бодови во сите три фази била прворангирана, додека пак второрангирана била [redacted] со освоени освоени вкупно 79.25 бодови во сите три фази. Согласно ваквата конечна ранг листа, Агенцијата за администрација како кандидат ја предложила прворангираната, која понатаму била избрана за работното место.

Врз основа на сето горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација од страна на Агенцијата за администрација [redacted]

Скопје
11.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Агенција за администрација, ул. Јуриј Гагарин бр.15, 1000 Скопје